romaversitas north macedonia

ROMA EDUCATION FUND Invest | Educate | Engage

This Project is funded by the European Union

# ПРДОЛЖЕН ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА СТУДЕНТИ РОМИ ЗА УЧЕСТВО ВО АКТИВНОСТА ТУТОРСТВО

Во рамките на
проектот:
„Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот“

Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ - Скопје во рамките на проектот: **„Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот“,** финансиран од Европска Унија и РЕФ, објавува повик за ПРИЈАВУВАЊЕ НА СТУДЕНТИ РОМИ ЗА УЧЕСТВО ВО АКТИВНОСТА ТУТОРСТВО. Пријавените и селектирани лица ќе добијат помош за полагање испити со кои имаат потешкотии во совладувањето на материјалот, во период од Април 2024 - Јуни 2024 година (два месеци), преку индивидуална туторска програма подготвена од страна на туторот и студентот/туторираниот.

## Опис на активноста туторство

Туторството претставува можност за студентите Роми да соработуваат и бидат туторирани од страна на тутор кој ќе му помогне на студентот кој има потешкотии во совладувањето на материјалот за одреден предмет/испит. Временската рамка за реализирање на туторските средби е од Април 2024 - Јуни 2024 година (два месеци).
Во рамките на проектот „Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот“ е предвидено туторирање на 10 студенти Роми за што е потребно ангажирање на најмногу 10 лица (тутори) кои треба да работат со најмногу двајца студенти.
Туторството е дополнителна академска помош и поддршка за студентите Роми преку одржување на индивидуални часови на туторот и студентот за одреден наставен предмет/испит за договорени наставни содржини, во договорени датуми, времетраење и место на одржување.
Стратешките цели на оваа активност е да им помогне на студентите Роми успешно да го завршат високото образование и да го продолжат своето образование и/или успешно да транзитираат на пазарот на трудот. За еден наставен предмет треба да се одржат најмалку 8 туторски часови месечно (1 час = 45мин).

## Учесници во активноста туторство може да бидат:

Студенти Роми запишани во јавните универзитети во Република Северна Македонија.

## Потребни Документи и начин за пријавување за учество во активноста менторство

Пополнета ПРИЈАВА ЗА ТУТОРСТВО испратена најдоцна до 10 Април 2024 на kristijan.angelkov@romaversitas.org.mk

## Селекција на кандидати

Селекцијата на кандидатите ќе ја изврши комисијата за селекција составена во рамките на проектот.

This Project is funded by the European Union

# ПРИЈАВА ЗА ТУТОРСТВО

Име и презиме: ____________________________________________

Возраст: _________________________

Општина на живеење: _________________________

Факултет: ____________________________________________

Година на образование: _________________________

Меил: ____________________________________________

Контакт телефон: _________________________

Го предложувам за мој Тутор: ________________________________________ и истиот ќе аплицира на повикот за ТУТОРИ за високо образование

Имам потреба од туторство за совладување на материјалот по

предметот___________________, од областа на

_______________________________________ науки

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union